**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-701/6**
**Скопје, 28.12.2006 година**

**До**

**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Основен суд Куманово-сметка за редовно работење, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Основен суд Куманово-сметка за редовно работење за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Стојман Димковски, В.Д. Претседател на судот до 03.03.2005 година и
   - Селвер Исмани, Претседател на судот од 04.03.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во период од 12.10 до 02.11.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Основен суд Куманово нема секретар на судот како стручно – државен службеник, спротивно на член 92 од Закон за судовите, поради необезбедени средства од судски буџетски совет. Истото има влијание на ефикасното функционирање на судот.

**Препорака:**
Во соработка со Судскиот буџетски совет и Агенцијата за државни службеници, да се обезбеди пополнување на работното место – секретар на судот, кој би учествувал во организација и координација на работата на судската управа.

10.1.2. Основен суд Куманово во текот на 2005 година има склучено 17 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос. Со писмо број 452/05 од 14.11.2005 година до Судски буџетски совет, побарана е согласност за едно вработувања, за кое во текот на 2005 година не е добиена. Претходното има влијание врз остварувањето на работите и работните задачи на субјектот и ефикасноста на истиот.
Потенцираме, дека иако станува збор за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, со склучувањето на договорите, лицата согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност го губат статусот на осигурени лица како невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување, со што не им се обезбедени никакви права од работен однос меѓу кои и правото од задолжително здравствено осигурување.

Годишниот сумарен преглед на движење на предметите на судот во 2005 година, бројот на примени судски предмети и нивното решавање е прикажан преку следниов графикон:



**Препорака:**
Да се доставуваат барања до Судскиот буџетски совет за пополнување на работни места кои се предвидени со Правилникот за систематизација на работните места на субјектот.

10.1.3. Заклучно со месец мај 2005 година исплатен е износ од 1.536 илјади денари за правосуден паушал инкорпориран во основните плати на судиите, спротивно на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Законот за исплата на плати во Република Македонија, поради постапување по Заклучокот на Владата од 31.03.2003 година, кој го инкорпорира истиот во основни плати-функционери без законски основ и има влијание на зголемување на расходите за плати.
Со донесување на Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Закон за дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија е регулирана исплатата на правосуден паушал за судиите.

10.1.4. Основен суд Куманово нема служба за информатика, како посебна организациона единица, што е спротивно на член 91 од Законот за судовите, поради непредвидени средства за организирање и функционирање на посебна организациона единица која ќе биде составен дел на центарот за информатика на ниво на судската власт. Истото има влијание на функционирање на единствената методолошка и технолошка основа на информациониот систем на ниво на судска власт.

**Препорака:**
Основен суд Куманово да воспостави посебна организациона единица за информатика, а Судскиот буџетски совет да обезбеди средства за поставување и одржување на информациониот систем, согласно член 91 од Законот за судовите.

10.1.5. Основен суд Куманово нема донесено Правилник за организација на работата, односно не е постапено согласно член 9 од Судскиот деловник и член 77 од Законот за судовите, каде се регулира донесување на истото како работа од делокругот на внатрешното работење на судската управа, поради веќе воспоставениот начин на функционирање на судот. Истото има влијание од аспект на ефикасно организирање на внатрешната организација на судот.

**Препорака:**
Да се донесе Правилник за организација на работата на судот.

***10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:***

10.2.1. Не е извршен попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2005 година, согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, поради непочитување на законската регулатива, што има влијание на реалното искажување на имотот во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Да се врши попис согласно прописите.

10.2.2. Не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2005 година, не е утврден правниот основ на обврската и не е утврдена старосната структура на истите, согласно законските прописи, поради непочитување на законската регулатива, што има влијание на реалноста на оваа билансна позиција

**Препорака:**
Да се врши попис на обврските согласно прописите и да се утврди правниот основ на истите.

10.2.3. Одлуката за прифаќање на извршениот попис со состојба на 31.12.2005 година, е донесена на 15.05.2006 година а не дваесет дена пред рокот пропишан за доставување на годишната сметка, согласно законските прописи, поради неупатеност во законската регулатива а кое има влијание на евидентирање на пописни разлики (кусок, вишок и расход) без соодветен акт.

**Препорака:**
Олуката за утврдените пописни разлики да се донесува согласно законските прописи.

10.2.4. Основен суд Куманово не води задолжителни помошни книги (книга на основни средства) за набавени основни средства и задолжување на истите со реверси, согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, поради непочитување на законската регулатива, што има влијание на реалноста на искажаните основни средства и капиталот во Билансот на состојба како и на извршувањето на пописот на истите

**Препорака:**
Да се воспостави материјална евиденција на основните средства во сметководството на субјектот.

10.2.5. При приемот и исплатата на готовината од благајната не се изготвува каса прими односно каса исплати согласно Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници, што влијае на материјалната одговорност за примените и дадените парични средства во судот.

**Препорака:**
Да се изготвуваат каса прими и каса исплати за секој прием и одлив на парични средства од судот.

10.2.6. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата утврди дека на истата има прилив 14.787 илјади денари, одлив 13.315 илјади денари и салдо од 1.472 илјади денари, што претставува состојба на средствата на депозитите на крајот на годината за што:

- Не е воспоставена евиденција на начин предвиден во делот петти од судскиот деловник, односно не се водат деловни книги и не се составуваат основни финансиски извештаи согласно законските прописи, поради воспоставениот начин на работа што има влијание на утврдување на состојбата и движењата на депозитните средства и нивното наменско користење.
- Не е формирана комисија, не е извршен преглед на целокупното работење со средствата на депозитите, не се изготвува преглед на судските депозити и преглед на изречените и исплатените парични казни, трошоци на постапката и пленувањето имотна корист како прилог на завршната сметка на судот и не е поведена постапка за застарени депозити, спротивно на членовите 338 и 315 од Судскиот деловник, поради непримена на законската регулатива.

Запленетата стока се чува во магацините на АД Агрокуманово – Куманово, од страна на лице вработено во акционерското друштво, без да се врши контрола од страна на судот за состојбата на истата, што има влијание врз правилното користење на средствата како и можност за манипулации и измами.

**10.3. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба***

10.3.1. Позициите материјални средства во делот на опремата и извори на капитални средства во делот на државен капитал се нереално искажани поради применета амортизациона стапка од 10% при пресметка на амортизација на целата опрема, а не согласно амортизационите стапки по амортизациони групи на кои припаѓаат, согласно Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, поради немање на материјална евиденција на основните средства, а кое има влијание на реалноста на основните средства и капиталот во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Да се воспостави материјална евиденција на основните средства во сметководството на субјектот и при пресметка на амортизацијата да се применуваат амортизационите стапки по амортизациони групи на кои припаѓаат.

10.3.2. Позициите материјални средства во делот на градежни објекти и извори на капитални средства во делот на државен капитал се нереално искажани поради пресметана амортизација само за 2004 и 2005 година иако истите се од минати години, спротивно на Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, а кое има влијание на реалноста на основните средства и капиталот во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Да се пресмета амортизација на градежните објекти за целиот период.

10.3.3. За извршените набавки на ситен инвентар, алат и материјали, судот нема воспоставено материјална евиденција во сметководството, согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници, односно истите се набавуваат без да се евидентираат во магацинот преку соодветна документација (приемници и испратници) и реверси за задолжување со ситен инвентар, поради невоспоставена пракса на магацинско работење. Истото има влијание во трошењето на материјалите и ситниот инвентар.

**Препорака:**
Да се воспостави материјална евиденција во сметководството на субјектот.

***10.3.4.*** Позициите други активни временски разграничувања и обврски спрема добавувачи во земјата се потценети за 238 илјади денари, поради евидентирање на истите во 2006 година, а не во 2005 година, за кој период се однесуваат, спротивно на Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници. Поради неевидентирање во соодветниот временски период има влијание на реалното искажување на обврските во финансиските извештаи.
.

10.3.5. Судот во текот на 2005 година врши исплата на вешти лица за давање на наод и мислење во вкупен износ од 218 илјади денари, а не на институцијата преку која е извршено вештачење како што е предвидено со член 20 од Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната

постапка и постапката за стопанските престапи. Истото има влијание на законското работење на субјектот.

**Препорака:**
Исплатата на надоместокот на вештите лица за давање наод и мислење да се врши преку институцијата преку која е извршено вештачењето.

*10.4.* ***Ненаменско и незаконско користење на средства:***

*Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

*10.4.1.* Со ревизија на јавните набавки кај Основен суд Куманово се утврди следното

- Не е донесен План за јавни набавки согласно член 11 од Законот;
- Не се води регистар за постапките за јавни набавки согласно член 17 од Законот;
- Не е донесен интерен акт за набавки од мала вредност согласно член 72 од Законот;
- Вршени се набавки за канцелариски материјали, поправка и одржување, набавка на гориво, набавка на гуми и друго, во вкупен износ од 2.901 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки создават можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

***10.5. Функционирање на систем на интерни контроли во процесите:***

**Процес на плаќање на фактурите**

10.5.1. - Во архивата на Основниот суд Куманово не се врши заведување на добиените фактури од добавувачи и не се води книга на влезни фактури. Примените фактури не се предаваат во сметководството со доказ за извршениот прием и не се става параф од лице дека стоката е примена односно услугата е извршена.

Претходното има влијание врз реалноста на обврските на судот како позиција во финансиските извештаи, односно да се направат плаќања за непримени добра и услуги, како и за примени добра и услуги кои се вистински потребни на судот.

- Не се прави проверка на примената стока и извршената услуга на добиената фактура со приемот и со договорот во однос на цената и количината.

Истото има големо влијание на реалноста и објективноста на финансиските извештаи, можност за манипулации и измами.

- Не се прави контрола на формално правната исправност на фактурите од одговорно лице (ликвидатор). Истото има влијание на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и постои можност за манипулации и измами.

**Препорака**
Основен суд Куманово да изготви пишани процедури во кои јасно ке бидат дефинирани надлежностите и одговорностите при приемот и плаќањето на фактурите од добавувачи. Претседателот на судот да назначи лице за контрола на формално правната исправност на фактурите.

**Процес на исплата на плати**

10.5.2. Основниот суд Куманово, евиденцијата за присутност на вработените ја врши преку изготвување на списоци за присутност на работа, кои се потпишуваат само при доаѓање на работа а и не при одење од работа.
Претходното има влијание да се исплатат плати на вработените за полно работно време иако истите не се присутни во целиот тек на работното време.

` **Препорака**
Основен суд Куманово согласно член 116 точка 7 од Закон за работните односи е должен да воведе електронско евидентирање на работното време.

**Процес на јавни набавки**

10.5.3. Не постојат пишани процедури во целиот процес за јавни набавки, кои ќе осигураат поделба на надлежностите и одговорностите и спроведување на набавките согласно Законот за јавни набавки.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.1, 10.2 и 10.3, финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Куманово, на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.1 до 10.5, кај Основен суд Куманово не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. Во тек се судски постапки против судот во износ од 2.839 илјади денари, чиј исход ке има влијание на износот на обврските во финансиските извештаи во наредниот период.

14. ***Прифатени и корегирани неправилности од страна на Основниот суд Куманово во текот на ревизијата, а се однесува на:***

14.1. Во текот на ревизијата со налог за книжење 10 од 31.10.2006 година, зголемена е исправката на вредноста на ситниот инвентар во употреба, а намален останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар) за износ од 540 илјади денари, поради погрешно евидентирање во сметководствената евиденција.

**Скопје, 27.12.2006 година** **Овластен државен ревизор,**

**Основен суд Куманово**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 44,856 | 42,294 |
| **Вкупно приходи** | **44,856** | **42,294** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 39,628 | 37,852 |
| Резерви и недефинирани расходи | 15 | - |
| Стоки и услуги | 5,137 | 4,442 |
| Субвенции и трансфери | 76 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | **44,856** | **42,294** |
| **Вкупно расходи** | **44,856** | **42,294** |

**Основен суд Куманово**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 25,566 | 19,500 |
| Залихи | - | 542 |
| **Вкупно тековни средства** | **25,566** | **20,042** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 97,676 | 96,826 |
| **Вкупно постојани средства** | **97,676** | **96,826** |
| **Вкупна актива** | **123,242** | **116,868** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 19,979 | 14,975 |
| Примени аванси, депозити и кауции | - | 3 |
| Обврски спрема државата и други институции | 2,069 | 1,820 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 3,521 | 2,705 |
| **Вкупно тековни обврски** | **25,569** | **19,503** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 97,673 | 97,365 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **97,673** | **97,365** |
| **Вкупна пасива** | **123,242** | **116,868** |

**Основен суд Куманово**
**Средства од судски буџет**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **96,823** | **542** | **97,365** |
| **Зголемување по основ на:** | **5,519** | **-** | **5,519** |
| Набавки | - | | **-** |
| Преотстапени постојани средства | 5,279 | - | **5,279** |
| Вишок на опрема | 240 | - | **240** |
| **Намалување по основ на:** | **4,669** | **542** | **5,211** |
| Отпис на капитални средства-Расход | 6 | - | **6** |
| Амортизација | 4,663 | - | **4,663** |
| Расход | - | 2 | **2** |
| Прифатени корекции | - | 540 | **540** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **97,673** | **-** | **97,673** |